З А П И С Н И К

од 14- тата редовна седница на Советот на Општина Валандово

одржана на 29.09.2026 година

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 13.оо часот. Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Марија Чурлинова.

На седницата присутни беа сите 15 членови на Советот на Општината, градоначалникот и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од Радио Валандово и Општина Валандово и се емитуваше во живо.

Претседателката на Советот Марија Чурлинова за 14-тата редовна седница го предложи следниот:

Д Н Е В Е Н Р Е Д:

1. Предлог – Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Валандово за 2026 година;
2. Предлог – Програма за измена и дополнување на програма за изградба и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2026 година;
3. Предлог – Решение за основање на Општински совет за социјална заштита во Општина Валандово;
4. Предлог - Информација за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош на граѓаните на Општина Валандово за период од 01.01.2024 до 31.08.2026 година;
5. Предлог – Одлука за одобрување финансиска поддршка на Здружение на локален рурален развој ВАЛАНДЕР – Валандово за организација и реализација на културна манифестација „Фестивалот на Калинка”;
6. Предлог – Одлука за одобрување финансиска поддршка за реализација на програмски активности на Здружението на граѓани за развивање на ракометот во Валандово РАКОМЕТНА ШКОЛА Валандово.

Беше отворена расправа по предложениот дневен ред.

Никој не се јави со предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред и истиот беше ставен на гласање и со 15 гласа ЗА беше усвоен.

Беше отворена расправа по записникот од 13 тата редовна седница на Совет на ОВ.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и изгласан со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 1

По Предлог Одлуката за измена на распоред на средствата во Буџетот на Општина Валандово образложение образложение даде претставник од администрацијата на Општина Валандово, Славица Тајтаева, вработена во одделението за финансии.

Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и со 15 гласа ЗА беше изгласан.

ТОЧКА 2

По Предлог – Програма за измена и дополнување на програма за изградба и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2026 година образложение имаше Перо Наков, претседател на Комисијата за јавно осветлување.

Немаше пријавено за дискусија, па точката беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА .

ТОЧКА 3

По Предлог Решението за формирање на Општинскиот совет за социјална заштита образложение даде Мартин Мишков, претседател на Комисијата за мандатни прашања.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 14 гласа ЗА.

Еден член беше изземен од гласање.

ТОЧКА 4

По Предлог - Информација за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош на граѓаните на Општина Валандово за период од 01.01.2024 до 31.08.2026 година образложение имаше Стефан Димитров, претставник од општинската администрација.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 5

По Предлог – Одлука за одобрување финансиска поддршка на Здружение на локален рурален развој ВАЛАНДЕР – Валандово за организација и реализација на културна манифестација „Фестивалот на Калинка” во износ од 100 000 денари беше отворена расправа.

Градоначалникот зема збор. Даде образложение за настанот ,,Фестивал на калинката,, кој се одржува по втор пат, оваа година ќе се одржи на 17- ти октомври на градскиот плоштад и ќе биде од поголем обем. Рече дека сите се добродојдени и сите треба да дадат свој придонес, фестивалот да стане препознатлив белег на градот.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 6

По Предлог – Одлука за одобрување финансиска поддршка за реализација на програмски активности на Здружението на граѓани за развивање на ракометот во Валандово РАКОМЕТНА ШКОЛА во износ од 75 000 денари збор зема Момчило Павлов. Рече дека како член на школата ќе се изземе од гласањето. Исто така и Томче Наков се изјасни дека е член на школата и ќе се изземе од гласање.

Немаше други пријавено за дискусија, па точката беше ставен на гласање и изгласана со 13 гласа ЗА и 2 ИЗЗЕМЕНИ.

Со ова се исцрпи дневниот ред и беше отворен делот за

СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА

1.Верица Зајкова Стојанова

Во врска со Нацрт Просторниот план за 2026-2040 година и третманот на рудникот Казандол, рече дека смета дека Општина Валандово треба да завземе став и да го достави до надлежните институции. Договорот за концесија за Казандол едностранo беше раскинат во март 2028 година. Во август 2025 година беше соопштено дека Владата го доби

арбитражниот спор, со што било одбиено барањето од инвеститорите да се исплати оштета од 115 000 евра.Ѓраѓаните преку протестите и граѓанското организирање јасно го изразија својот став дека се против отварање на нови рудници. Рече дека заштита на водите, земјоделското земјиште и здравјето на населението се од суштинско значење и затоа прашањето за Казандол бара конкретно институционално постапување. Дали Општина Валандово во рамките на јавна расправа ќе поднесе забелешка и ќе побара Казандол да биде избришан како рударски комплекс, дали веќе е доставено вакво известување и ако не, дали ќе се достави. Дали Општина Валандово ќе застане зад барањето на граѓаните во Валандово да нема рударски комплекс Казандол и со кои чекори ќе се направи тоа.

Градоначалникот Ѓоко Камчев рече дека го очекувал ова прашање и не избегал од седницата. Праша кој градоначалник би бил ЗА за загадување на околината. Рече дека со овој Просторен план на Владата конечно с. Удово ќе ,,излезе од вода,, односно ќе се смени неговата намена што била предвидено да биде брана и поради тоа не можеше да се направи УП. Рече дека за Казандол се работи за големо прашање и Општината ќе се завземе став и ќе си го каже мислењето во врска со Просторниот план на Владата за2026-2040 година.

Записничар:
Соња Христова Јовановиќ

Претседател на Совет на Општина Валандово
Марија Чурлинова